РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
22-03-2016 година
Потпис, ______

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ", број 27/15, 78/15 и 192/15), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ", број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинска управа на Република Македонија донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на најповолен понудувач

Врз основа на извештајот од Комисијата за јавни набавки број 02-001814/16 -0024 од 16.03.2016 година, донесен по спроведена постапка со барање за прибирање понуди со објавување на оглас број 01/2016, во хартиена форма со користење електронска аукција, за доделување на договор за **Набавка на годишник, брошури, постери, визит карти и друг промотивен материјал**, како најповолен понудувач СЕ ИЗБИРА:

**Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење весници-Печатница Европа 92 ДООЕЛ Кочани**

Правата и обрските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавните набавки.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки Директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе Одлука број 05-001814/16-0004 од 12.02.2016 година, за јавна набавка на годишник, брошури, постери, визит карти и друг промотивен материјал.

Износот на средствата од 900.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, се планирани и обезбедени со буџетот на Република Македонија и тоа :

- средства во износ од 300.000 денари се обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2016 година, раздел 09003, сметка 637, програма 20, ставка 425,
- средства во износ од 300.000 денари ќе бидат планирани со буџетот на Царинската управа за 2017 година, раздел 09003, сметка 637 и/или 631, програма 20, ставка 425,
- средства во износ од 300.000 денари ќе бидат планирани со буџетот на Царинската управа за 2018 година, раздел 09003, сметка 637 и/или 631, програма 20, ставка 425.

Согласно член 37 и член 121 од Законот за јавни набавки, набавката се спроведе со со барање за прибирање понуди со објавување на оглас број 01/2016, во хартиена форма со користење електронска аукција.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 02-001814/16 -0024 од 16.03.2016 година, со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка да го избере понудувачот Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење весници-Печатница Европа 92 ДООЕЛ Кочани.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Упатство за правно средство**

Согласно член 200, член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

**Директор,**

**Наташа Радеска-Крстевска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЦАРИНСКА УПРАВА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ

Бр. 05-001814/16-0027

Скопје, 22-03-2016

Доставено во оригинал до:

- Председател на Комисија за јавни набавки
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:

- Комисија за јавни набавки
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Билјана Ристовска

Одобрил: Весна Змајшек

Согласен: Јово Џутески